**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

# ТАРИФНИК
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ

**Јуни 2024 година**

Врз основа на Законот за хартии од вредност и член 41 од Статутот на Берзата, Одлуката бр.02-1363/1 од 15.05.2008 година на Одборот на директори на Берзата за усвојување на Тарифник за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Решението бр.08-2018/12 од 20.08.2008 година на Комисијата за хартии од вредност со кое се дава согласност на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје и се наложуваат измени во истиот, Одлуката бр.02-163/1 од 21.01.2009 година на Одборот на директори на Берзата за измена и дополнување на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Решението бр.08-418/9 од 25.09.2009 година на Комисијата за хартии од вредност со кое не се дава согласност на Одлуката бр.02-163/1, Одлуката бр.02-2171/1 од 01.10.2009 година на Одборот на директори на Берзата за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Решението бр.08-2705/5 од 07.12.2009 година на Комисијата за хартии од вредност за давање на согласност на Одлуката бр.02-2171/1, Решението бр.07-4/1 од 25.02.2010 година на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност со кое делумно се менува Решението бр.08-418/9 од 25.09.2009 година на Комисијата за хартии од вредност, Одлуката бр.02-863/1 од 27.05.2013 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Решението бр.УП1 08-29 од 14.06.2013 година на Комисијата за хартии од вредност, Одлуката бр.02-272/1 од 27.02.2014 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза, Делумното Решение УП1 08-30 од 01.04.2014 година на Комисијата за хартии од вредност, Одлуката бр.02-720/1 од 23.05.2014 година за измени на Одлуката бр.02-272/1 за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Дополнителното Решение бр.УП1 08-30 од 27.05.2014 година, Одлуката бр.02-1759/1 од 28.11.2014 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците, Решението бр.УП1 08-103 од 17.12.2014 година на Комисијата за хартии до вредност, Одлуката бр.02-1241/1 од 06.10.2015 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје и Решението бр.УП1 08-123 од 22.02.2016 година на Комисијата за хартии до вредност, Одлуката бр.02-200/1 од 22.02.2017 година за измени и дополнување на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Решение УП1 08-48 од 04.07.2017 година на Комисијата за хартии од вредност, Заклучокот бр.УП1 08-48 од 19.07.2017 година, Одлуката бр.02-927/1 од 20.07.2017 година за постапување согласно Решение УП1 08-48 од 04.07.2017 година на Комисијата за хартии од вредност, Одлука бр.02-1151/1 од 31.08.2018 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје и Решението УП1 08-52 од 07.09.2018 година на Комисијата за хартии од вредност, Одлука бр.02-134/1 од 31.01.2019 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје, Решението УП1 08-103 од 28.12.2018 година на Комисијата за хартии од вредност, Одлуката бр.02-1470/1 од 24.09.2019 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопја, Решението УП1 08-76 од 27.09.2019 година, Одлуката бр.02-1977/1 од 25.12.2019 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје и Решението УП1-08-94 од 20.01.2020 на Комисијата за хартии до вредност, Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје бр.02-522/1 од 29.05.2024 година и Решението УП1 08-49 од 06.06.2024 година се утврдува пречистен текст на

**ТАРИФНИК**
**ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА**
**МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Под надоместоци, во овој Тарифник се подразбираат: надоместоци за котација на хартии од вредност, надоместоци за членство во Берзата, надоместоци за тргување со акции, надоместоци за тргување со обврзници, надоместоци за тргување со други долгорочни хартии од вредност, надоместоци за тргување со краткорочни хартии од вредност, надоместоци за блок трансакции, надоместоци за јавни берзански аукции, надоместоци за ревидирање на берзански трансакции, надоместоци на поништување на берзански трансакции, надоместоци за објавување на податоци на веб страницата на Берзата согласно закон и надоместоците за дистрибуција на берзански информации.

## 1. НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОТАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| | |
|---|---|
| Еднократен надоместок за котација на акции | 61.000 денари |
| Годишен надоместок за котација на акции | за друштва котирани на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и друштвата чии акции на последниот ден на тргување од претходната година се елемент на Македонскиот берзански индекс МБИ10 – 0,05% од вредноста на пазарната капитализација на последниот ден на тргување од претходната година, но не помалку од 75.000 денари и не повеќе од 220.000 денари; за сите останати котирани друштва – 0,03% од вредноста на пазарната капитализација на последниот ден на тргување од претходната година, но не помалку од 75.000 денари и не повеќе од 150.000 денари |
| Еднократен надоместок за котација на државните обврзници за денационализација | Не се наплаќа |

| | |
|---|---|
| Годишен надоместок за котација на државните обврзници за денационализација | Не се наплаќа |
| Еднократен надоместок за котација на сите останати државни обврзници освен државните обврзници за денационализација | По договор со издавачот |
| Годишен надоместок за котација на сите останати државни обврзници освен државните обврзници за денационализација | По договор со издавачот |
| Еднократен надоместок за котација на сите останати долгорочни хартии од вредност | 61.000 денари |
| Годишен надоместок за котација на сите останати долгорочни хартии од вредност | 61.000 денари |
| Еднократен надоместок за котација на краткорочни хартии од вредност | По договор со издавачот |
| Годишен надоместок за котација на краткорочни хартии од вредност | По договор со издавачот |

## 2. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО БЕРЗАТА

| | |
|---|---|
| Надоместок за прием во членство | 330.000 денари |
| Еднократен надоместок за приклучување во БЕСТ системот | 50.000 денари |
| Еднократен надоместок за брокерско корисничко име | 15.000 денари |
| Месечна членарина на членките на Берзата | 12.000 денари |

| | |
|---|---|
| Месечен надоместок за користење на БЕСТ системот и интегрален пристап до БЕСТ системот (FIX) | Фиксен надоместок од 3.000 денари плус: 2.000 денари за прво брокерско корисничко име; 1.500 денари за второ брокерско корисничко име; 1.000 денари за секое следно брокерско корисничко име |
| Месечен надоместок за користење на Берза-Нет | 1.000 денари до 5 корисника по членка |
| Надоместок за полагање стручен испит за познавање на Правилата за тргување на Македонската берза | 3.000 денари |
| Месечен надоместок за користење на набљудувачка станица од страна на членките на Берзата кои не користат интегрален пристап до БЕСТ (FIX) | 1.500 денари - Членките на Берзата имаат право на бесплатно користење на една набљудувачка станица |

## 3. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ТРГУВАЊЕ СО АКЦИИ

Членките на Берзата за тргување со хартии од вредност плаќаат надоместок кој се пресметува кумулативно, со примена на следните стапки на вкупниот износ на извршената трансакција за купување и продавање:

| | |
|---|---|
| Трансакции со вредност до 5.000.000 денари | 0,2% |
| Трансакции со вредност над 5.000.000 денари | 0,1% |

Износот на надоместокот за тргување со акции за трансакции во вкупна вредност до 10.000 денари изнесува 50 денари по трансакција и за купување и за продавање, додека за трансакции во вкупна вредност над 10.001 денари надоместокот за тргување со акции изнесува најмалку 100 денари по трансакција и за купување и за продавање.

Членките кои со Берзата имаат склучено договор за поддржувач на ликвидност за одредена хартија од вредност го плаќаат износот на надоместокот за тргување намален за 40% за сите трансакции при класично тргување (исклучувајќи ги сите видови блок трансакции) во кои членките настапуваат како поддржувачи на ликвидност.

## 4. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИ

Членките на Берзата за тргување со обврзници плаќаат надоместок по следните стапки од вредноста на остварениот промет:

| | |
|---|---|
| За тргувањето со државните обврзници за денационализација | 0,25% |
| За тргувањето со сите останати државни обврзници, освен државните обврзници за денационализација | 0,025% |

| | |
|---|---|
| За тргување со сите останати обврзници, освен државните обврзници | 0,025% |

**4-а. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ТРГУВАЊЕ СО ДРУГИ ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

| |
|---|
| За тргувањето со други долгорочни хартии од вредност, членките на Берзата плаќаат надоместок во износ од 0,025% од вредноста на остварениот промет. |

**5. НАДОМЕСТОК ЗА ТРГУВАЊЕ СО КРАТКОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

| |
|---|
| За тргувањето со краткорочни хартии од вредност членките на Берзата плаќаат надоместок во износ од 0,01% од вредноста на остварениот промет |

**6. НАДОМЕСТОЦИ ЗА БЛОК ТРАНСАКЦИИ**

Членките на Берзата плаќаат надоместок за блок трансакциите. Надоместокот за блок трансакциите се пресметува кумулативно, со примена на следните стапки на вкупниот износ на извршената трансакција, за купување и продавање:

| | |
|---|---|
| Трансакции до 20.000.000 денари | 0,25% |
| Трансакции од 20.000.001 до 50.000.000 денари | 0,15% |
| Трансакции од 50.000.001 до 100.000.000 денари | 0,10% |
| Трансакции над 100.000.000 денари | 0,075% |

**7. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ**

**7.1. ТРГУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – ПРОДАЖНА СТРАНА**

При извршување на продажни трансакции со акции во сопственост на Република Македонија, органите на државната власт, ПИОМ и НБРМ, се утврдуваат надоместоци од вкупната вредност на трансакцијата според следните стапки, односно износи:

| | |
|---|---|
| Продажба на акции | 0,125%, не помалку од 150 денари |
| Продажба на удели и побарувања | 0,125%, не помалку од 150 денари и не повеќе од 31.000 денари |
| Доколку вредноста на трансакцијата со акции, удели или побарувања во сопственост на Фондот на ПИОМ е помала од 2.000 денари, ќе се пресметува надоместок во износ од 600 денари | |

**7.2. ТРГУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – КУПОВНА СТРАНА**

Надоместокот за тргување со акции, удели и побарувања во сопственост на Република Македонија, органите на државната власт, ПИОМ и НБРМ се пресметува кумулативно, со примена на подолу утврдените стапки од вкупниот износ на извршената трансакција за купување:

| | |
|---|---|
| трансакции со вредност до 1.000.000 денари | 0,42% |
| трансакции со вредност од 1.000.001-5.000.000 денари | 0,19% |
| трансакции со вредност над 5.000.000 денари | 0,09% |

## 7.3. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПРЕКУ БЕРЗА

| |
|---|
| За реализација на јавна понуда на хартии од вредност, вклучително и првата јавна понуда на хартии од вредност преку Берза, издавачот на хартиите од вредност плаќа надоместок во износ од 0,1% од вкупната вредност на запишаните хартии од вредност во јавната понуда, но не помалку од 61.000 денари. |
| За реализација на иницијална јавна понуда на хартии од вредност преку Берза при преобразба на друштво со ограничена одговорност или на друштво со ограничена одговорност од едно лице во акционерско друштво, надоместокот од алинеја 1 не се наплаќа. За реализација на првата јавна понуда после уписот на преобразеното друштво во Централниот регистар, доколку за истата друштвото донесе одлука во рок од 12 месеци после преобразбата, надоместокот од алинеја 1 не се наплаќа. |
| При реализација на јавната понуда на хартии од вредност преку Берза од алинеја 1 и 2, запишувачите на хартии од вредност не плаќаат надоместок за запишаните хартии од вредност. |

## 7.4. ПРОДАЖБА НА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ НА АКЦИИ – ПРОДАЖНА СТРАНА

### 7.4.1. МОДЕЛ „СЕ’ ИЛИ НИШТО”

Надоместокот за продавање на хартии од вредност на берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции според моделот „сé или ништо” се пресметува кумулативно, со примена на подолу утврдените стапки од вкупниот износ на извршената трансакција за продавање и тоа:

| | |
|---|---|
| Трансакции до 20.000.000 денари | 0,38% |
| Трансакции од 20.000.001 до 50.000.000 денари | 0,24% |
| Трансакции од 50.000.001 до 100.000.000 денари | 0,19% |
| Трансакции над 100.000.000 денари | 0,12% |

### 7.4.2. МОДЕЛ „НА ПАРЧЕ”

Надоместокот за продавање на хартии од вредност на берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции според моделот „на парче” се пресметува кумулативно, со примена на подолу утврдените стапки од вкупниот износ на извршената трансакција за продавање:

| | |
|---|---|
| Трансакции до 20.000.000 денари | 0,19% |
| Трансакции од 20.000.001 до 50.000.000 денари | 0,12% |
| Трансакции од 50.000.001 до 100.000.000 денари | 0,10% |
| Трансакции над 100.000.000 денари | 0,06% |

## 7.5. ПРОДАЖБА НА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ НА АКЦИИ – КУПОВНА СТРАНА

### 7.5.1. МОДЕЛ „СЕ' ИЛИ НИШТО”

Надоместокот за купување на хартии од вредност на берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции според моделот „сé или ништо” се пресметува кумулативно, со примена на подолу утврдените стапки од вкупниот износ на извршената трансакција за купување:

| | |
|---|---|
| Трансакции до 20.000.000 денари | 0,38% |
| Трансакции од 20.000.001 до 50.000.000 денари | 0,24% |
| Трансакции од 50.000.001 до 100.000.000 денари | 0,19% |
| Трансакции над 100.000.000 денари | 0,12% |

### 7.5.2. МОДЕЛ „НА ПАРЧЕ”

Надоместокот за купување на хартии од вредност на берзанска аукција на акции при продажба на големи пакети на акции според моделот „на парче” се пресметува кумулативно, со примена на подолу утврдените стапки од вкупниот износ на извршената трансакција за купување:

| | |
|---|---|
| трансакции со вредност до 1.000.000 денари | 0,40% |
| трансакции со вредност од 1.000.001-5.000.000 денари | 0,19% |
| трансакции со вредност над 5.000.000 денари | 0,09% |

## 8. НАДОМЕСТОЦИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ НА БЕРЗАНСКИ ТРАНСАКЦИИ

| | |
|---|---|
| За ревидирање на берзанска трансакција, доставено до Берзата после официјализацијата на денот на тргување (до 16:00 часот, освен во денови со одложено време на официјализација) | 600 денари по барање |
| За ревидирање на берзанска трансакција, доставено до Берзата во текот на првиот ден после денот на тргување (од 08:00 до 16:00 часот) | 1.200 денари по барање |

## 9. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА БЕРЗАНСКИ ТРАНСАКЦИИ

| |
|---|
| За поништена берзанска трансакција членките го плаќаат износот на надоместокот за тргување, при што максималниот износ на надоместокот кој ќе го плати членката не може да биде поголем од 5.000 денари за купување и 5.000 денари за продавање. Надоместокот за тргување за поништената трансакција паѓа на товар на членката која побарала поништување, доколку поинаку не е договорено помеѓу членките, за што тие писмено треба да ја известат Берзата. |

| |
|---|
| При поништување на трансакција поради тргување со иста сметка на куповна и продажна страна, или поради други поништувања на трансакции од страна на Берзата без барање од страна на членка, согласно Правилата за тргување, членките на Берзата не плаќаат надоместок за поништување. |

## 10. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ПРЕКУ ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА, СОГЛАСНО ЗАКОН

| | |
|---|---|
| Еднократен надоместок за објавување на податоци за јавните понуди на хартии од вредност | 3.000 денари+ДДВ, по доставување на податоците и објавување на ВЕБ страницата на Берзата |
| Месечен надоместок за објавување на податоци за јавните понуди на хартии од вредност | 1.500 денари+ ДДВ, за секои изминати 30 календарски денови по објавувањето на податоците на ВЕБ страницата на Берзата |
| Еднократен надоместок за објавување на намерата за преземање на акционерски друштва | 3.000 денари + ДДВ, пред објавување на ВЕБ страницата на Берзата |
| Еднократен надоместок за објавување на понудата за откуп при преземање на акционерски друштва | 10.000 денари + ДДВ, по доставување на понудата за откуп и објавување на ВЕБ страницата на Берзата |
| Месечен надоместок за објавување на понудата за откуп при преземање на акционерски друштва | 3.000 денари + ДДВ, за секои изминати 30 календарски денови по објавувањето на податоците на ВЕБ страницата на Берзата |
| Годишен надоместок за објавување на известувања од друштва на Слободен пазар согласно Законот за хартии од вредност | 3.500 денари + ДДВ |

## 11. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА БЕРЗАНСКИ ИНФОРМАЦИИ

| **Берзански информации што се дистрибуираат во реално време на национални дистрибутери, со право на редистрибуција** | |
|---|---|
| Иницијален надоместок за поврзување | 18.450 денари + ДДВ |
| **Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации во реално време, со право на редистрибуција - со директен пристап до информациите** | |
| Ниво 2 (минимален надоместок) | 30.750 денари + ДДВ |
| Ниво 1 | 15.375 денари + ДДВ |
| **Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации во реално време, со право на редистрибуција - со пристап до информациите преку вендор (субвендори)** | |
| Ниво 2 (минимален надоместок) | 18.450 денари + ДДВ |

| | |
|---|---|
| Ниво 1 | 10.455 денари + ДДВ |
| **Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации во реално време - по корисник** | |
| Ниво 2 | 308 денари + ДДВ за секој корисник што го надминува педесеттиот корисник на дистрибутерот |
| Ниво 1 | Не се наплаќа |
| **Берзански информации што се дистрибуираат во реално време на странски дистрибутери, со право на редистрибуција** | |
| Иницијален надоместок за поврзување | 18.450 денари |
| **Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации во реално време, со право на редистрибуција - со директен пристап до информациите и со пристап до информациите преку вендор (субвендори)** | |
| Ниво 2 (минимален надоместок) | 30.750 денари |
| Ниво 1 | 15.375 денари |
| **Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации во реално време – по професионален корисник** | |
| Ниво 2 | 615 денари |
| Ниво 1 | 308 денари |
| **Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации во реално време – по непрофесионален корисник** | |
| Ниво 2 | 123 денари |
| Ниво 1 | 62 денари |
| **Берзански информации што се дистрибуираат во реално време, без право на редистрибуција** | |
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации што се дистрибуираат во реално време, без право на редистрибуција – Ниво 1 и Ниво 2 | 5.000 денари + ДДВ Членките на Берзата се ослободени од плаќање на овој надоместок |
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации што се дистрибуираат во реално време, без право на редистрибуција – Продукт МБ НЕТ | 10.000 денари + ДДВ |

| | |
|---|---|
| Надоместок за дистрибуција на берзански информации што се дистрибуираат во реално време, без право на редистрибуција, и пристап до анализи врз основа на берзански и други финансиски информации:<br><br>1. Продукт БЕСТ НЕТ | За физички/правни лица:<br>- претплата за 30 дена – 1.000 денари + ДДВ;<br>- претплата за 90 дена – 2.500 денари + ДДВ<br>- претплата за 180 дена – 4.500 денари + ДДВ;<br>- претплата за 360 дена – 8.000 денари + ДДВ;<br><br>Членките на Берзата имаат право на едно бесплатно корисничко име за користење на БЕСТ НЕТ. |
| 2. Продукт БЕСТ НЕТ АНАЛИТИКА<br><br>3. Продукт БЕСТ ДИРЕКТ | За физички/правни лица:<br>-Годишен надоместок во износ од 18.000 денари + ДДВ<br><br>Претплатниците на БЕСТ НЕТ АНАЛИТИКА добиваат попуст:<br>- За втор корисник - 10%;<br>- За трет корисник - 30%;<br>- За четврт корисник - 50%;<br>- За петти и понатамошен корисник - 70%.<br><br>Ниво 1 – не се наплаќа<br>Ниво 2 - месечен надоместок 500 денари + ДДВ<br><br>БЕСТ ДИРЕКТ се дистрибуира преку членките на Берзата, кои од крајните корисници можат да наплаќаат сопствен дополнителен надоместок, при што продуктот за Ниво 1 може да има највисока цена од 350 денари + ДДВ, а за Ниво 2 највисока цена од 700 денари + ДДВ.<br><br>Членките на Берзата имаат право на едно бесплатно корисничко име за БЕСТ ДИРЕКТ – Ниво 2. |

| Берзански информации што се дистрибуираат со задоцнување од најмногу 15 минути | |
|---|---|
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзанкси информации–ТИКЕР што се дистрибуираат со задоцнување од најмногу 15 минути, со право на објавување на интернет страница | за домашни лица: 2.500 денари+ДДВ<br><br>За странски лица: 3.075 денари<br>Членките на Берзата, котираните друштва и медиумите во Република Македонија се ослободени од плаќање на овој надоместок |
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации – Ниво 1 што се дистрибуираат со задоцнување од најмногу 15 минути,<br>со право на редистрибуција - со директен пристап до информациите | 9.225 денари + ДДВ |
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации – Ниво 1 што се дистрибуираат со задоцнување од најмногу 15 минути, со право на редистрибуција - со пристап до информациите преку вендор (субвендори) | за домашни лица: 6.150 денари + ДДВ<br><br>За странски лица: 9.225 денари |
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации – Ниво 1 што се дистрибуираат со задоцнување од најмногу 15 минути, со право на редистрибуција - за<br>членки на Берзата | 4.613 денари + ДДВ |
| Месечен надоместок за овластување на лиценцирани дистрибутери за објавување на берзански информации–Ниво 1 со задоцнување од најмногу 15 минути преку интернет страници на клиенти на дистрибутерите | 3.075 денари + ДДВ по интернет домен |
| **Берзански информации што се дистрибуираат на крајот на трговскиот ден** | |
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански информации што се дистрибуираат на крајот на трговскиот ден, со право на редистрибуција | за домашни лица:<br>5.000,00 денари + ДДВ<br>странски лица:<br>6.150 денари |

| | |
|---|---|
| **Надоместоци за користење на берзански индекси** | |
| Годишен надоместок за структурна репликација на индексите на Македонска берза и употреба на индексниот назив за комерцијални цели за инвестициони фондови | 0,05% од нето вредноста на инвестицискиот фонд базиран на индексите на Берзата на последниот ден тргување во тековната година, но не помалку од 500 евра и не повеќе од 4.500 евра во денарска противвредност на тој ден +ДДВ |
| Годишен надоместок за структурна репликација на индексите на Македонска берза и употреба на индексниот назив за комерцијални цели за финансиски производи | 0,05% од нето вредноста на финансискиот производ базиран на индексите на Берзата на последниот ден тргување во тековната година, но не помалку од 500 евра и не повеќе од 4.500 евра во денарска противвредност на тој ден +ДДВ. |
| **Други берзански информации** | |
| Надоместок за издавање потврда во врска со историски податоци од тргувањето | за физички лица: 225 денари+ДДВ по хартија од вредност, но не повеќе од 1.250 денари+ДДВ кога барањето се однесува на повеќе хартии од вредност; за правни лица: 270 денари+ДДВ по хартија од вредност, но не повеќе од 1.500 денари+ДДВ кога барањето се однесува на повеќе хартии од вредност; за финансиски институции (банки, брокерски куќи, друштва за управување со пензиски фондови, друштва за управување со инвестициски фондови, друштва за осигурување и други финансиски институции регулирани со закон): 315 денари+ДДВ по хартија од вредност, но не повеќе од 1.750 денари+ДДВ кога барањето се однесува на повеќе хартии од вредност. |
| Месечен надоместок за редистрибуција на вредноста на индексите кои ги пресметува и објавува Македонска берза | Во реално време:<br>3.690 денари + ДДВ<br><br>Со задоцнување од најмногу 15 минути:<br>2.460 денари + ДДВ<br><br>На крајот на трговскиот ден:<br>1.538 денари + ДДВ |

| | |
|---|---|
| Месечен надоместок за дистрибуција на берзански податоци во реално време заради редистрибуција на изведени податоци | 9.225 денари + ДДВ |

По исклучок од надоместоците утврдени во Точка 11 на овој Тарифник, Берзата може да определува попусти за определени продукти или при комбинации на различни продукти, како и на договорна основа да определува надоместоци при изработка на специјални пакети на берзански информации согласно барањата на одредени корисници.

При дистрибуција на берзанските информации за кои се определени надоместоци кои се однесуваат и за домашни и за странски физички или правни лица, на странските физички или правни лица нема да им се пресметува данокот на додадена вредност согласно член 14 од Законот за данокот на додадена вредност.

## 11А. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДРУГИ ВИДОВИ ПОТВРДИ

| | |
|---|---|
| Надоместок за издавање на други видови потврди | за физички лица: 1.000 денари+ДДВ, по барање; за правни лица: 1.500 денари+ДДВ, по барање; за финансиски институции (банки, брокерски куќи, друштва за управување со пензиски фондови, друштва за управување со инвестициски фондови, друштва за осигурување и други финансиски институции регулирани со закон): 2.000 денари+ДДВ, по барање |

## 12. ОСЛОБОДУВАЊА

**12.1.** Одборот на директори на Берзата може да донесе одлука за ослободување на членките од плаќање на месечните надоместоци за членарина, за користење на БЕСТ системот, за користење на Берза-Нет и за комуникациско поврзување на членките на Берзата со Централниот Депозитар на хартии од вредност преку комуникациската мрежа на Македонска берза, во период од 3 месеци, доколку ослободувањето не го загрозува финансиското работење на Берзата.

**12.2.** Одлуката на одборот на директори на Берзата од точка 12.1. се применува по добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност.

**12.3.** Главниот извршен директор има овластување да им одобри на корисниците на услугите од Глава 11 на овој Тарифник бесплатен период за тестирање на услугата кој не може да изнесува подолго од 3 месеци од денот на потпишување на договорот за дистрибуција на пакетот на берзански информации.

## 13. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ СО ПРОМЕНИТЕ ВО КУРСОТ НА ДЕНАРОТ

Износите на сите надоместоци во овој Тарифник ќе се корегираат доколку има промена на курсот на денарот во однос на еврото од повеќе или помалку од 5% во однос на курсот кој важел на денот на донесување на овој Тарифник, односно на денот на последната корекција.

## 14. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**14.1.** Годишиот надоместок за објавување на известувања од друштвата на Слободен пазар согласно Законот за хартии од вредност утврден во табелата од точка 10 од овој Тарифник, друштвата се должни да го платат пред поднесување на барање за прва објава во текот на календарската година. Годишиот надоместок за објавување на известувања од друштвата на Слободен пазар согласно Законот за хартии од вредност утврден во табелата од точка 10 од овој Тарифник започнува да се наплаќа од денот на отпочнување на примена на овој Тарифник.

**14.2.** Годишните надоместоци за котација на хартии од вредност, утврдени во точка 1 на овој Тарифник со назив „НАДОМЕСТОЦИ ЗА КОТАЦИЈА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ" и чии износи се уредуваат во точка 4 и 6 од Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје бр.02-522/1 од 29.05.2024 година ќе бидат применливи и наплатени почнувајќи од соодветната котација за 2024 година, додека износите што се уредуваат во точка 2 од оваа Одлука ќе бидат применливи и наплатени од 01.07.2024 година, а за првото полугодие од 2024 година наплатата ќе се врши по претходно важечкиот Тарифник.

**14.3** Овој Пречистен текст стапува на сила на 17.06.2024 година, со што престанува да важи Пречистениот текст на Тарифникот бр.02-73/2 од 27.01.2020 година, освен точката 1 од истиот во делот на годишниот надоместок за котација на акции којашто ќе се применува заклучно со 30.06.2024 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Тони Стојановски**